

Трифун Костадинов Грековски (1. VIII. 1893 - 9. VI. 1973) е македонски лекар, револуционер, публицист. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Женева (1920), каде што бил активен член на Македонското студентско друштво. Бил соработник на весниците „Автономна Македонија“ и „Македонско сознание“. Почнал да објавува „Кратка историја на Македонија“ (1924), каде ја нагласува македонската посебност и поврзаност со древните Македонци. Во 1924 г. се вратил во Гевгелија и до 1936 г. бил единствен лекар во градот. Во 1944 г. ја формирал партизанската болница во манастирот „Св. Прохор Пчински“.

Д-р Трифун Грековски (Греков) е роден на 1 август 1893 година во Ениџе Вардар, Егејскиот дел на Македонија, во имотна земјоделска фамилија. Основното образование го завршил во своето родно мсто, а средно образование продолжил во Солунската егзархиска гимназија. Неговиот татко, како и повеќето ениџевардарци, бил активен учесник во Македонската револуционерна организација. Преку него, Трифун Греков се запознал со секретарот на Апостол војвода, Коста.

Задоен со револуционерен дух, Греков уште како ученик во солунската гимназија се вклучува во напредните ученички кружоци за тоа време. Во отсуство на друга литература, учениците го читале Бакунин и друга анархистичка литература, така да анархистичкиот кружок бил илегален. Во јуни 1913 година, бил откриен и сите негови членови исклучени од гимназијата, меѓу кои и шестокласникот Трифун Греков. По исклучувањето, Греков истата година го завршува шестиот клас и матурата како вонреден ученик.

Откако во јуни 1913 година избувна Втората балканска војна, и кога со Солун и Ениџе Вардар завладејаа Грците, Трифун Греков, не сакајќи да остане да им служи на новите окупатори, со лажен пасош успева преку Италија да се префрли во Швајцарија. Таму, тој се запишува на Медицинскиот факултет во Женева, во учебната 1914/1915 година.

Во текот на Првата Светска Војна на Универзитетот во Женева студирале околу 15 студенти Македонци. Во средината на 1918 година тие формирале свое, македонско студентско друштво кое било наречено со патриотското име „Академско друштво –

Македонија“. Донеле правилник за работа што им овозможило да го регистрираат своето друштво при Универзитетските власти. За претседател на друштвото едногласно бил избран д-р Анастас Коцарев, приватен доцент на Медицинскиот факултет во Женева, кој имал големи врски со видни швајцарски општественици, а во Женевското друштво на македонските студенти биле зачленети 15 македонски студенти, меѓу кои: Димитар Несторов (Струга), Благој Тошанов (Штип), А. Копанданов и Александар Крајчев (Велес), Трифун Греков (Ениџе Вардар) и други.

Дипломирал на Медицинскиот факултет во Женева (1920), а потоа работел како лекар во Швајцарија до 1924 година. Во овој период Трифун Греков продолжува со својата активност во друштвото. Тие континуирано испраќаат телеграми, апели, петиции, меморандуми во кои се бара Македонија да добие независност и сопствена држава, притоа категорички отфрлајќи ги одредбите на Сен Жерменскиот мировен договор, како и другите мировни договори со кои македонскиот народ се третираше како малцинство.

По формирањето на Меѓународното биро за заштита на правата на поробените народи со посебни отсеци за секој поробен народ, на чело на отсекот за македонскиот народ, како претставник на македонските студенти, бил наименуван д-р Трифун Греков. Друштвото како крајна можност барало Македонија да биде и под старателство на Друштвото на народите. За овој период Д-р Трифун Греков многу години потоа ќе каже: „За нас, важно беше Македонија да ја зачува својата територијална целина и да не биде поделена помеѓу балканските држави“.

На 28 јуни 1921 година Трифун Греков како член на Меѓународното биро за правата на поробените народи и секретар на Комисијата за Македонија, лично му предал уште една петиција на високиот функцинер во Секретаријатот на Друштвото на народите Хелмер Ростинг. Во петицијата било истакнато постоењето на македонскиот народ и бил даден преглед на историјата на развојот на македонското прашање и за борбата на македонскиот народ за национално ослободување. На крајот од петицијата се апелирало да биде почитуван принципот на самоопределување на народите и се напоменувало дека: „Ние Македонците бараме ова неприкосновено право на народите да се почитува... бидејќи тој не е аморфна маса, ниту несложен колектив, како што мнозина заинтересирани сакаат тоа да го тврдат“.

Д-р Трифун Греков заедно со еден од раководителите на Македонската федеративна организација арх. Никола Јуруков одлучиле да покренат списание на француски јазик „Македонски билтен за независна Македонија“ („Bulletin macedonianne pour Macedoine

independance“). Списанието било под покровителство на спомнатото Меѓународно биро. Во него биле објавени статии покрај од македонски автори и од истакнати Швајцарци и големи симпатизери на македонскиот народ, како Едуард Клапаред (Eduard Claparede) и други.

Во овој период Греков соработува и со весниците „Автономна Македонија“ („ Автономна Македония “) и Македонско сознание („ Македонско съзнание “) во Виена. Во 1922 година, во весникот „ Автономна Македония “ тој објавува статии во кои ги поистоветува Македонците со древните Македонци, со народот на Александар Македонски. Исто така во 1924 година почнал да објавува во продолженија „Кратка историја на Македонија“ („Кратка история на Македония“), во која го објаснува континуитетот на македонската нација од антика до поновата историја.

Активноста на Академското друштво „Македонија“ се чувствувала и подоцна, се` до крајот на 1923 година. Во 1924 година тоа престанува да постои откако неговите активни членови ги завршија студиите и се вратија во своите родни краишта.

Во 1924 година д-р Трифун Греков се враќа во својот роден град, но за него како лекар немало работа. Истата година тој се префрлува во Гевгелија и тука работи како единствен лекар во градот до 1936 година. Пред Втората Светска Војна бил воен лекар во Битола, а потоа во Куманово. Во 1944 година формирал партизанска болница во манастирот „Св. Прохор Пчински“. Во 1945 година бил испратен во Битола да ја организира здравствената служба, од каде што во 1951 година бил назначен за лекар во Велес. Од 1954 година па се` до пензионирањето во 1962 година работел во Гевгелија.

Д-р Трифун Греков како пензионер живее во Гевгелија се` до својата смрт на 9 јуни 1973 год.